РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

# Пренесени од ПМФ

**Правила за запишување за студенти кои студираат по ЕКТС**

1. Секој студент што запишува зимски семестар е должен да изврши избор на предмети што ќе ги слуша во зимскиот семестар според следните правила:
   - По правило студентот во секој семестар запишува предмети со најмногу 40 кредити;
   - При запишувањето на семестарот студентот прво ги запишува неположените задолжителни и изборни предмети од соодветниот (претходниот) зимски семестар, а потоа задолжителните предмети и изборните предмети од тековниот семестар.
2. При запишување на предметите потребно е да се исполнат предусловите дефинирани со предметните програми што се приложени во елаборатите и водичите за студирање за секоја насока и студиска година.
3. Сите студенти се должни да ја пополнат апликацијата за уписи каде ќе се наоѓа каде ќе ги изберат предметите кои ќе ги слушаат. Подетални информации околу пополнувањето на апликацијата на апликацијата може да видите на овој линк.
   1. Откога предметите ќе ви бидат одобрени и листата со одобрени предмети испечатена, истата ќе ја најдете на масата пред 161.
   2. Потоа таа листа и заедно со останатите документи ќе ги предадете на студентски прашања каде семестарот ќе ви биде запишан.

1. Студентите ќе може да ја посетуваат наставата само на предметите што им се одобрени. Групата за настава или вежби ќе можете сами да ја изберете откога ќе се отворат курсеви на moodle.

## ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

РЕДОВНО запишаните студенти треба да достават и уплатница на жиро-сметка на ФИНКИ за реализирани финансиски обврски согласно пресметаните вредности од апликацијата за уписи. Важат истите цени на кредити како и досегашните на ПМФ.